МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА ЗА 2021 ГОДИНА

јануари 2021 година

# 1. ПРОГРАМИ

Годишниот план за работа на Министерството за образование и наука за 2021 година е изготвен врз основа на Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државна управа во процесот на подготвување на стратешки план и годишен план за работа („Службен весник на Република Македонија“ број 131/18 од 17.07.2018), а во согласност со Стратешкиот план на министерството за 2021-2023 година бр.01-2326/1 од 8.2.2021 година, Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија 2020 – 2023 година, Годишната програма за работа на Владата за 2021 година, Стратегијата за образование 2018-2025, Стратегијата за реформи на јавната администрација 2018-2022, Програмата за економски реформи 2021-2023, Целите за одржлив развој на ОН и други стратешки документи

Годишниот план за работа за 2021 година е во функција на остварување на стратешките приоритети и приоритетните цели за 2021 на Владата содржани во Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 243/20 година од 9.10.2020).

- квалитетно образование достапно за сите согласно побарувачката на пазарот на трудот;
- развивање квалитетно образование достапно за сите кое ќе создава кадар способен за логично и критично размислување базирано на анализи и факти;
- образование во функција на личности кои ќе ги почитуваат и негуваат граѓанските права, толеранцијата, различностите, воспитување во духот на мултикултурализмот и оспособување за потребите на пазарот на трудот;
- изградба, реконструкција, санација и обезбедување на енергетска ефикасност на студентските домови и подобрување на студентскиот живот и стандард на младите.

Со новиот стратешки план на Министерството за образование и наука за 2021-2023 година, предвидено е да се имплементираат вкупно 5 програми и 15 потпрограми, кои подеднакво се посветени на зголемување на квалитетот на наставата во основното и средното образование, унапредување на образовната инфраструктура, почитување на автономијата на универзитетот и достоинството на професорите, забрзан економски развој преку инвестиции во науката и иновациите, како и поддршка на можностите на образование на возрасните и на системот на неформално и информално образование.

За секоја од предвидените програми и потпрограми, кои пак, иницираа мерки, проекти и активности, Годишниот план за работа за 2021 година ги дефинира потребните ресурси и финансиски средства за имплементација, како и очекуваните резултати од финалната реализација.

## ПРОГРАМА: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

**Потпрограми:**

2.1.1 Зголемување на постигањата на учениците во основното образование
2.1.2 Недискриминација, заштита од насилство, почитување на различностите и инклузивно образование
2.1.3 Поддршка на наставниците и стручните соработници во основните училишта
2.1.4 Воспоставена организациона структура за подобро управување и раководење со основните училишта

## ПРОГРАМА: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ (ОПШТО И СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ) И УЧЕНИЧКИ СТАНДАРД

**Потпрограми:**

2.2.1 Зголемување на постигањата на учениците во средното образование
2.2.2 Реформа на средното стручно образование
2.2.3 Ученички стандард

## ПРОГРАМА: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И СТУДЕНТСКИ СТАНДАРД

**Потпрограми:**

2.3.1. Унапредување на системот на акредитација и евалуација на високото образование
2.3.2. Развивање на ефикасен систем на финансирање и управување на високото образование
2.3.3. Студентски стандард

## ПРОГРАМА: ВЛОЖУВАЊЕ ВО НАУКАТА, ИСТРАЖУВАЊЕТО И ИНОВАЦИИТЕ

**Потпрограми:**

2.4.1 Ревизија на правната рамка за истражување и развој
2.4.2 Зголемување на националните средства за научно-истражувачка дејност
2.4.3 Зголемено учество на Република Северна Македонија во регионални иницијативи и меѓународни програми за наука и истражување

## ПРОГРАМА: ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИ И ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ

**Потпрограми:**

2.5.1 Развој на неформалното образование и информално учење на возрасните
2.5.2 Формално образование на возрасни

## 2. ПЛАН ЗА РАБОТА

### А: Програми и потпрограми од стратешкиот план на Министерството за образование и наука

| |
|---|
| **ПРОГРАМА 1:** КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ |
| **Поврзаност со приоритет и приоритетна цел на Владата на Република Северна Македонија**<br><br>**Стратешкиот приоритет:** „Квалитетно образование достапно за сите согласно побарувачката на пазарот на трудот"<br>**Приоритетните цели:** „Развивање квалитетно образование достапно за сите кое ќе создава кадар способен за логично и критично размислување базирано на анализи и факти" и „Образование во функција на личности кои ќе ги почитуваат и негуваат граѓанските права, толеранцијата, различностите, воспитување во духот на мултикултурализмот и оспособување за потребите на пазарот на трудот". |
| **Поврзаност со приоритет и приоритетна цел на Министерството за образование и наука:**<br><br><u>Создавање образование кое е во најдобар интерес на децата и кое му овозможува на секој ученик да го достигне својот полн потенцијал</u><br>• Подобрување на содржината на основното образование;<br>• Зголемување на опфатот на учениците и подобрување на инклузивноста и меѓуетничката интеграција во основното образование<br>• Подобрување на условите за учење и постигнувањата на учениците<br>• Подобрување на капацитетите на човечките ресурси во основните училишта<br>• Зголемување на ефективноста на организирањето и управувањето со основното образование<br>• Вложување и развој на дигитални вештини и критичко размислување<br>• Воспоставување на системот на кариерен развој на наставниците и стручните соработници, врз принцип на заслуги<br>• Унапредување на превенцијата и заштитата од насилство и дискриминација во образованиот систем |
| **Цел на Програмата:**<br>- Обезбедување на квалитетно и инклузивно основно образование и зголемување на опфатот на ученици |
| **Показатели за успех на Програмата:**<br>- Донесена нова Конепција за основно образование<br>- Донесени национални стандарди за учениците во основното образование<br>- Учениците во основното образование имаат квалитетни наставни средства и дидактички материјали како избор на применливи знаења коишто промовираат човекови права, почитување на различностите и демократските вредности<br>- Обезбедени се услови за квалитетно образование за сите (фукционални инклузивни тимови, набавена асистивна технлогија, обезбедени образовни и лични асистенти...)<br>- Училишните обврзници што се надвор од училиштата се идентификувани, вклучени и следени до завршување на задолжителното образование<br>- Наставниците и стручните соработници приправници ја добиваат поддршката којашто е неопходна за нивната секојдневна работа и се стекнале со компетенциите предвидени со професионалните стандарди<br>- Имплементиран е моделот за кариерен развој<br>- Директорите на основните училишта ги исполнуваат минималните барања за професионални компетенции, со што се осигурува подобра средина за учење и култура, управување и раководење. |

- Целосно се имплементира Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување

| **ПОТПРОГРАМА 1:** Зголемување на постигањата на учениците во основното образование | | |
|---|---|---|
| **Цел на потпрограмата:**<br>Подобрување на содржината, условите за учење и квалитетот во остварувањето на основното образование | | |
| **Показател за успешност:**<br>- Донесена нова Концепција за основно образование<br>- Донесени национални стандарди за учениците во основното образование<br>- Учениците во основното образование имаат квалитетни наставни средства и дидактички материјали како избор на применливи знаења коишто промовираат човекови права, почитување на различностите и демократските вредности | **Појдовна основа**<br>- Изготвена е предлог нова Концепција за основно образование<br>- Во тек е изготвување на Национални стандарди за учениците во основното образование, базирани на компетенции кои учениците треба да ги стекнат и усвојат на крајот на основното образование<br>- Донесен е Концепт за развивање на систем за образование од далечина<br>- Во некои училишта бројот на ученици во паралелка е поголем од 30, што влијае на квалитетот на наставата<br>- Донесена е Програма за професионална ориентација на учениците од осмо и деветто одделение<br>- Во Законот за основно образование предвидено е за изведување на наставата по физичко и здравствено образование од прво до петто одделение да се вклучува и наставник по физичко и здравствено образование. Примената на оваа одредба е сукцесивна<br>- подобрување на условите во некои училишта особено во руралните средини.<br>- Има училишта кои немаат училишна спортска сала<br>- Донесена е Концепција за државно тестирање во основното образование<br>- Република Северна Македонија изрази интерес за учество во меѓународното | **Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>- Донесена е нова Концепција за основно образование<br>- Утврдени се националните стандарди<br>- Донесени се нови наставни програми (сукцесивно согласно имплементацијата на Концепцијата за основно образование)<br>- Развиен е систем за образование од далечина<br>- Обезбедени се согласности за намалување на бројот на ученици во паралека во третто одделение, од учебната 2021/2022 година<br>- Развиени се инструменти за професионална ориентација<br>- Обезбедени се согласности за вклучување на наставници по физичко и здравствено образование за изведување на наставата по физичко и здравствено образование во третто одделение, од учебната 2021/2022 година<br>- Подобрени се инфраструктурни услови во училиштата преку изградба/доградба на 6 училишни објекти, реконструкција на 15 |

| | | |
|---|---|---|
| | тестирање PIRLS 2021<br>- Во тек е изготвување на нов Закон за учебници и други наставни и дидактички материјали за основно и средно образование<br>- Моделот за финансирање на основните училишта е застарен и не ја отсликува реалната состојба и потребите на училиштата | училишта и изградба на 10 училишни спортски сали<br>- Спроведено е пробно државно тестирање за ученици од трето одделение<br>- Учество во PIRLS 2021<br>- Донесен е нов Закон за учебници, наставни и дидактички материјали<br>- Спроведена анализа со препораки за мрежата и начинот на финансирање на основните училишта |

| **Мерки** | **Активности** | **Временска рамка на спроведување** | | | | **Финансиски средства** | **Организацсики облик/лице** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Квартал 1** | **Квартал 2** | **Квартал 3** | **Квартал 4** | | |
| Донесување на нова Концепција за основно образование | Усогласување на предлог-Концепцијата за основно образование со сите засегнати страни<br><br>Донесување на Концепцијата<br><br>Имплементација на Концепцијата почнувајќи од септември 2021 година (сукцесивно) | X | X | X | | Буџетска програма 2, Потпрограма 20 основно образование | Сектор за основно образование и Биро за развој на образованието |
| Донесување на националните стандарди за учениците во основното образование, базирани на компетенции кои учениците треба да ги стекнат и усвојат на крајот | Усогласување на предлог- Националните стандарди со сите засегнати страни<br><br>Утврдување на Националните стандарди од страна на министерот | X | X | | | Нема фискални импликации | Сектор за основно образование и Биро за развој на образованието |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| на основното образование | | | | | | | |
| Усогласување на наставните планови и програми со Концепцијата за основно образование и Националните стандарди за учениците во основно образование и обука за наставниците за новите наставни програми | Формирање на работни групи во рамки на Биро за развој на образованието<br><br>Изготвување на нови наставни програми<br><br>Донесување на наставните програми од страна на министерот | x | x | x | | Буџет на Биро за разој на образованието | Биро за развој на образованието и сектор за основно образование |
| Развивање систем за образование од далечина (надополнување на порталот едуино, развој на национална платформа за образование на далечина,...) согласно Концептот | Континуирано ажурирање на порталот едуино со нови видео содржини/лекции<br><br>Континуирано одржување и надградба на националната платформа за образование на далечина<br><br>Континуирани обуки за наставниот кадар | x | x | x | x | Буџет на МОН, БРО, донатори | Биро за развој на образованието и сектор за основно образование |
| Намалување на бројот на ученици по паралелка од 20 до 30 ученици, и намалување на бројот на ученици во комбинирана паралелка (за | Поднесување на барања за нови согласности од страна на училиштата<br><br>Издавање на согласности од страна на МОН и МФ | | | x | | Буџетска програма 2, Потпрограма 20 и Програма А, Потпрограма А2 | Сектор за основно образование |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| трето одделение во основно образование) | | | | | | | |
| Професионална ориентација на учениците од осмо и деветто одделение, врз основа на Програмата утврдена од министерот, на предлог на БРО | Развој на алатки/инструменти за утврдување на способностите, интересите и можностите на учениците | x | x | x | x | Буџет на МОН | Педагошла служба/ Биро за развој на образованието и Сектор за основно образование |
| Вклучување на наставници по физичко и здравствено образование за изведување на наставата по физичко и здравствено образование од прво до петто одделение (сукцесивно) | Поднесување на барања за нови согласности од страна на училиштата, за прво, второ и трето одделение во основно образование<br><br>Издавање на согласности од страна на МОН и МФ | | | x | | Буџетска програма 2, Потпрограма 20 и Програма А, Потпрограма А2 | Сектор за основно образование |
| Инвестирање во инфраструктура во основните училишта (реконструкција на основни училишта, изградба на нови основни училишта, изградба на училишни спортски сали) | Изготвување на План за јавни набавки | x | | | | Буџетска програма Т, Потпрограми ТА, ТБ и ТВ | Одделение за капитални инвестиции, Проект 145 сали и Одделение за јавни набавки |
| | Спроведување на постапки согласно Законот за јавни набавки | x | x | x | x | | Одделение за капитални инвестиции, Проект 145 сали и Одделение за јавни набавки |
| | Реконструкција на | x | x | x | x | | Одделение за |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | училишта, изградба на нови училишта (продолжување со изградба на отпочнатите и почнување со изгадба на нови објекти), изградба на нови училишни спортски сали | | | | | | капитални инвестиции, Проект 145 сали |
| Имплементација на Концепција за државно тестирање (спроведување на пилот тестирање) | Изготвување на рамка за оценување<br><br>Изготвување на инструменти за оценување (тестови и прашалници)<br><br>Спроведување на пробното тестирање (мај - јуни 2021)<br><br>Обработка на податоци и изготвување на Извештај | x | x | x | x | | Државен испитен центар и Сектор за основно образование |
| Учество во меѓународни тестирања (TIMSS, PIRLS) | Подготовка за учество на меѓународнот тестирање PIRLS 2021<br><br>Спроведување на тестирањето PIRLS 2021 (мај 2021)<br><br>Оценување на тестови, внес и обработка на податоци од PIRLS 2021<br><br>Спроведување на детална анализа и | x | x | x | x | | Државен испитен центар и Сектор за основно образование |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | изготвување на Национален извештај за резултатите од TIMSS | | | | | | |
| Унапредување на квалитетот на наставните средства и дидактички материјали – донесување на ново законско решение | Донесување на нов Закон за учебници и други наставни и дидактички материјали во основно и средно образование | X | X | X | | Буџетска програма 2, Потпрограма 21 | Педагошка служба |
| | Изработка на наставни и дидактички материјали согласно новите наставни програми | | | X | X | Буџетска програма 2, Потпрограма 21 | Педагошка служба и одделение за јавни набавки |
| Ревизија на мрежата и формулата за финансирање на основните училишта | Прибирање на податоци за спроведување на сеопфатна анализа<br><br>Изготвување на анализата со препораки за ревизија на мрежата и формулата за финансирање на основните училишта | X | X | X | | Заем од Светска банка | Сектор за основно образование и Сектор за стратешко планирање и анализа за креирање на политики |

**ПОТПРОГРАМА 2:** Недискриминација, заштита од насилство, почитување на различностите и инклузивно образование

**Цел на потпрограмата:**
Зголемување на опфатот на учениците и подобрување на инклузивноста и интеретничката интеграција во основното образование

| Показател за успешност: | Појдовна основа | Планиран резултат (одредница на годишно ниво): |
|---|---|---|
| - Обезбедени се услови за квалитетно образование за сите (фукционални инклузивни тимови, набавена асистивна технлогија, обезбедени образовни и лични асистенти..)<br>- Училишните обврзници што се надвор од училиштата се идентификувани, вклучени и следени до завршување на задолжителното образование<br>- Целосно се имплементира Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, | - Донесена е Концепција за инклузивно образование<br>- Донесено е Упатство за начинот на соработка помеѓу основните училишта со ресурсен центар и другите основни училишта<br>- Во буџетот за 2021 предвидени се средства за ангажирање на образовни и лични асистенти<br>- Донесени се сите подзаконски акти согласно ЗОО за вклучување на деца кои се | - Трансформирани 5 (пет) посебни училишта во основни училишта со ресурсен центар<br>- Трансформирани посебни паралелки при основните училишта во Центри за поддршка на учењето на учениците со попреченост<br>- Ангажирани се образовни и лични асистенти во основните училишта, согласно препораките на Комисијата за МКФ<br>- Спроведени се инструментите за проверка за вклучување во соодветно одделение на основно образование, на деца со надмината |

| | | |
|---|---|---|
| злоупотреба и занемарување | со надминаta возраст а не биле вклучени во образовниот систем<br>- Во 2020 продолжија активностите за имплементација на Проектот „Редовно на часови: акција за вклучување на Ромите во основното образование”<br>- Донесен е Правилник за начинот на избор на основно училиште, поблиските критериуми и начинот на организирање на наставата во здравствени установи, казнено-поправни и воспитно-поправни установи како и во домашни услови<br>- Во буџетот за 2021 г. предвидени се средства за училиштата за реализација на активности кои придонесуваат кон меѓуетничката интеграција<br>- Донесено е Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување | возраст<br>- Ангажирани се Ромски образовни медијатори за поддршка на основното образование на Ромите на локално ниво<br>- Обезбедени се согласности за ангажирање на наставници за остварување на основно образование во здравствени установи, казнено-поправни и воспитно-поправни установи, и во домашни услови<br>- Објавен е Јавниот повик од страна на МОН за доделување на средства за реализација на активности кои придонесуваат кон меѓуетничката интеграција.<br>- Целосно се имплементира Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување<br>- Одобрени се учебници и/или наставни материјали по предметите јазик и култура на Ромите, Бошњаците, Србите, Турците и Власите<br>- Новите наставни програми и учебници/наставни материјали во основно образование промовираат родова еднаквост, заштита од насилство и недискриминација<br>- Донесена е Концепција за откривање и работа со талентирани и надарени ученици<br>- Спроведени конкурси/ јавни повици за наградување на учениците и менторите |

| **Мерки** | **Активности** | **Временска рамка на спроведување** | | | | **Финансиски средства** | **Организацсики облик/лице** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Квартал 1** | **Квартал 2** | **Квартал 3** | **Квартал 4** | | |
| Трансформација на посебните училишта во основни училишта со ресурсен центар | Изготвување на измени на статутот од страна на училиштата<br>Измена и дополнување на Актите за систематизација<br><br>Издавање на согласности од страна на МОН | x | x | x | x | Буџетска програма 2, Потпрограма 26 | Сектор за основно образование и Сектор за нормативно-правни работи |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Отпочнување со работа на посебните училишта како основни училишта со ресурсен центар<br><br>Соработка помеѓу основните училишта со ресурсен центар и другите основни училишта согласно утврдената реонизација | | | | | | |
| Трансформација на постојните посебни паралелки при основните училишта во Центри за поддршка на учењето на учениците со попреченост | Изготвување на измени на статутот од страна на училиштата<br><br>Издавање на согласности од страна на МОН<br><br>Отпочнување со работа на посебните паралелки при основните училишта во Центри за поддршка на учењето на учениците со попреченост<br><br>Соработка помеѓу основните училишта со ресурсен центар и другите основни училишта согласно утврдената реонизација | x | x | x | x | Буџетска Програма А, Потпрограма А2 | Сектор за основно образование и Сектор за нормативно-правни работи |
| Обезбедување на сеопфатен систем за поддршка за инклузивно образование на учениците со попреченост (образовни и лични асистенти, формирање на училишетн инклузивен тим, | Формирање на инклузивен тим за ученик<br><br>Изготвување на ИОП/модифицирана програма, согласно потребите на ученикот<br><br>Утврдување на начинот на побарување на образовен/личен асистент, | x | x | x | x | Буџетска програма 2, Потпрограма 26 и Програма А, Потпрограма А2 | Сектор за основно образование и Биро за развој на образованието |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| инклузивен тим за секој ученик, развивање на, ИОП/модифицирана програма, асистивна технологија...) | начинот на селекција и избор на образовен/личен асистент, како и програмата за обука на образовен/личен асистент од страна на министерот, на предлог на БРО<br><br>Обезбедување на согласности за ангажирање на образовни/лични асистенти од страна на МОН и МФ врз основа на поднесени барања од училиштата<br><br>Обезбедување/набавка на асистивна технологија од страна на училиштата | | | | | | |
| Пристап до образование на деца кои не биле вклучени во настава (ученици со надмината возрасна граница, ученици од маргинализирани средини, ученици Роми..) и намалување на осипувањето, доделување на грантови на училиштата за иновативни проекти за поддршка на ученици од ранливите категории, ученици со потешкотии во учењето и особено за учениците кои се најпогодени со Ковид 19 пандемијата. | Спроведување на активностите во рамки на проектот „Редовно на часови: акција за вклучување на Ромите во основното образование", доделување на стипендии за ученици и грантови за училиштата, редовни активности на терен за идентификување на нередовните ученици и учениците кои се под ризик за осипување<br><br>Имплементација на иструментите за проверка на знаењето на учениците со надмината возраст со цел нивно вклучување во соодветно одделение на основно образование<br><br>Ангажирање на Ромски | X | X | X | X | Буџетска програма 2, Потпрограма 20 и Програма А, Потпрограма А2<br><br>Буџетска програма 1, Потпрограма 11, Поддршка на импементацијата на Декадата и Стратегијата за Роми | Сектор за основно образование, Работна група за проектот со МЦГО и Фондација Песталоци, Биро за развој на образование и Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | образовни медијатори за поддршка на основното образование на Ромите на локално ниво | | | | | | |
| Остварување на основно образование и во здравствени установи, казнено-поправни и воспитно-поправни установи, и во домашни услови | Обезбедување на потребни согласности за учебната 2021/2022 година | | | x | | Буџетска програма 2, Потпрограма 20 и Програма А, Потпрограма А2 | Сектор за основно образование, Биро за развој на образование |
| Планирање и организирање активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалот/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција. | Објавување на Јавен повик од страна на МОН за доделување на средства за реализација на активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалот/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција. | | | x | x | Буџетска програма 1, Потпрограма 13 | Сектор за основно образование |
| Имплементација на Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување | Спроведување на обука за училиштата-директори, наставници и стручни соработници..<br><br>Креирање на единствена методологија и систем за прибирање податоци за насилство во училиштата<br><br>Изработка на план за заштита на жртвата од насилство и промена на однесувањето на сторителот<br><br>Зајакнување на капацитети на | x | x | x | x | Буџет на БРО, граѓански организации | БРО, сектор за основно образование |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ДПИ за постапување во случаи на пријавено насилство и дискриминација.... | | | | | | |
| Реализација на изборен предмет јазик и култура на Ромите, Бошњаците, Србите, Турците и Власите | Спроведување на постапки за одобрување на учебници и/или наставни материјали по предметите; Јазик и култура на Ромите Јазик и култура на Бошњаците, Јазик и култура на Србите, Јазик и култура на Турците и Јазик и култура на Власите | x | x | x | x | Буџетска програма 2, Потпрограма 21 | Педагошка служба |
| Унапредување на родовата еднаквост и заштита од дискриминација по било кој основ во наставните програми, учебници и наставни материјали | Изработка на упатство за изготвување на наставни програми и наставни материјали кои ќе промовираат родова еднаквост и во кои не смее да има никакви елементи на дискирминација по било кој основ<br><br>Изготвување на нови наставни програми и наставни материјали (согласно Концепцијата за основно образование) кои промовираат родова еднаквост и недискриминација.<br><br>Анализа на содржините на наставните програми и учебниците во основно образование од аспект на унапредување на родовата еднаквост, согласно Правилникот за начинот на вршењето на анализата на содржините на наставните планови, програми и | x | x | x | x | Нема фискални импликации | Работна група на МТСП, МОН и БРО |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | учебниците од аспект на унапредување на еднаквите можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија” бр.125/2015). | | | | | | |
| Донесување на Концепција за откривање и работа со талентирани и надарени ученици, наградување на најдобрите ученици и нивните наставници и покривање на трошоци за учество на меѓународни натпревари | Изготвување на предлог Концепција од страна на БРО<br><br>Усогласување на предлог-Концепцијата со сите засегнати страни<br><br>Донесување на Концепцијата од страна на министерот | x | x | x | x | Нема фискални импликации | Биро за развој на образованието и сектор за основно образование |
| | Објавување на конкурс за учество на меѓународни натпревари<br><br>Формирање на Комисија за разгледување на примените апликации<br><br>Исплата на одобрените апликации<br><br>Разгледување и исплата на барањата за освоено прво место на државни натпревари<br><br>Објава на јавен повик за акредитирани здруженија на наставници за учество на меѓународен натпревар за покривање на трошоците за котизација и пат за учество на меѓународен натпревар | x | x | x | x | Буџетска програма 2, Потпрограми 20 и 46 | Сектор за основно образование |

**ПОТПРОГРАМА 3:** Поддршка на наставниците и стручните соработници во основните училишта

**Цел на потпрограмата:**
Подобрување на капацитетите на човечките ресурси во основните училишта

| **Показател за успешност:** | **Појдовна основа** | **Планиран резултат (одредница на годишно ниво):** |
|---|---|---|
| - Наставниците и стручните соработници приправници ја добиваат поддршката којашто е неопходна за нивната секојдневна работа и се стекнале со компетенциите предвидени со професионалните стандарди<br>- Имплементиран е моделот за кариерен развој | Донесени се сите подзаконски акти согласно Законот за наставници и соработници во основните и средните училишта<br><br>Формирана е Работна група со Решение на министер за подготовка на Каталог на акредитирани програми за обуки<br><br>Владата донесе Одлука за давање согласност на Решението за определување на бројот на наставници во основните училишта кои можат да се стекнат со звања наставник-ментор, за фискалната 2021 година.<br><br>Законот за високообразовните установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование отпочнува да се применува од академската 2022/2023 година | - Донесена Програма за обука на предлог на Биро за развој на образование<br>- Изготвен е Каталог на акредитирани обуки<br>- Објавен Повик за избор на консултантски компании во рамки на проектот Improving quality of education од Акциски документ IPA 2017<br>- Ревидиран е Законот за високообразовните установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование<br>- Формирани се стручни активи на наставници во училиштата<br>- Формирани се тимови за професионален развој во училиштата<br>- Имплементиран е системот за кариерен развој (објавена ранг листа на ментори)<br>- Донесен е подзаконски акт со кој ќе се утврди внесот на податоци во хартиен и е-дневник<br>- Објавен е Конкурс за доделување на стипендии за одлични студенти на факултети кои образуваат наставници |

| **Мерки** | **Активности** | **Временска рамка на спроведување** | | | | **Финансиски средства** | **Организацсики облик/лице** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Квартал 1** | **Квартал 2** | **Квартал 3** | **Квартал 4** | | |
| Континуиран професионален развој на наставниците и стручните соработници во | Донесување и спроведување на Програма за обука на предлог на Биро за развој на образование | X | X | X | X | Обезбедени финансиски средства во Буџетот на БРО | Биро за равој на образованието и сектор за основно образование |
| | Акредитацијата на | X | X | X | X | Обезбедени финансиски | Биро за равој на |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| основното образование согласно Законот за наставници и стручни соработници во основното и средното образование | програми за обука од страна на Бирото за развој на образованието. | | | | | средства во Буџетот на БРО | образованието |
| | Објава на Повик за избор на консултантски компании за подобрување на квалитетот на образование (Improving quality of education – Teacher training) од Акциски документ IPA 2017 | X | X | X | X | ИПА 2 | Сектор за ЕУ, Биро за равој на образованието и сектор за основно образование |
| Ревидирање и унифицирање на студиските програми на Педагошките факултети, ревидирање на студиските програми на Факултетите со наставни насоки | Ревидирање на Законот за високообразовните установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование<br><br>Јавна расправа по однос на ревидираниот Закон<br><br>Донесување на Законот од страна на Собранието<br><br>Реакредитација на студиските програми кои образоваат наставници согласно ревидираниот Закон | | X | X | X | Буџетска програма 4 | Сектор за високо образование и Сектор за основно образование |
| Поддршка на стручните активи на наставници за меѓусебна поддршка и | Поддршка на стручните активи во основните училишта | X | X | X | X | Буџетска програма 2, Потпрограма 20 и Програма А, Потпрограма А2 | Сектор за основно образование и Биро за развој на образованието |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| соработка, споделување на знаењата и педагошките практики и преземање на иницијативи за подобрување на квалитетот на воспитно образовната работа на училиштето. | Размена на искуства помеѓу стручните активи од различни училишта | | | | | | |
| Поддршка на тимовите за професионален развој во основните училишта | Одбрување на личните планови за професионален развој од страна на тимот за професионален развој | x | x | x | x | Нема фискални импликации | Сектор за основно образование и Биро за развој на образованието |
| Имплементација на моделот за кариерен развој на наставници и стручни соработници (ментори) | Објавување на јавен повик за напредување во звање<br><br>Формирање на Комисија за проверка на исполнетоста на професионалните стандарди за звањата ментор<br><br>Изготвување на мислење/оценка од страна на БРО и училиштата<br><br>Објава на ранг листа | x | x | x | x | Буџетска програма 1, Потпрограма 10 | Сектор за основно образование и Биро за развој на образованието |
| Намалување на административната работа на наставниците, со цел наставниците | Донесување на подзаконски акт со кој ќе се утврди внесот на податоци во хартиен и е-дневник | | | x | x | Нема фискални импликации | Биро за развој на образованието и Сектор за основно образование |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| потполно да се фокусираат на учениците и образовниот процес. | | | | | | | |
| Стипендии за одлични студенти на факултети кои образуваат наставници | Објавување на Конкурс за доделување на стипендии | | | X | X | Буџеттка програма 6, Потпрограма 60 | Сектор за ученички и студентски стандард |

**ПОТПРОГРАМА 4**: Воспоставена организациона структура за подобро управување и раководење со основните училишта

**Цел на потпрограмата:**

Зголемување на ефективноста на организирањето и управувањето со основното образование

| Показател за успешност | Појдовна основа | Планиран резултат (одредница на годишно ниво) |
|---|---|---|
| - Директорите на основните училишта ги исполнуваат минималните барања за професионални компетенции, со што се осигурува подобра средина за учење и култура, управување и раководење. | Утврдени се професионалните компетенции за директор<br>Склучен е Меморандум за соработка помеѓу МОН и Регионалната анти-корупциска иницијатива - РАИ | - Ревидирани се програмите за обука на директори<br>- Изработено е Упатство за самоевалуација на училиштата<br>- Започнат е со имплементација проектот со поддршка на Регионалната анти-корупциска иницијатива |

| Мерки | Активности | Временска рамка на спроведување | | | | Финансиски средства | Организацсики облик/лице |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Квартал 1 | Квартал 2 | Квартал 3 | Квартал 4 | | |
| Континуирано професионално усовршување на директорите согласно Закон за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и | Ревидирање на програмата за обука и испит на директори на основни и средни училишта<br><br>Ревидирање на програмата за напредна обука на директори | X | X | X | X | Буџет на ДИЦ | Државен испитен центар и сектор за основно образование |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| отворен граѓански универзитет за доживотно учење, Закон за БРО | | | | | | | |
| Подобрување на системот за самоевалуација и изготвување на Развојна програма и годишна програма од страна на училиштата | Изработка на упатство и насоки за самоевалуација од страна на училиштата<br><br>Спроведување на обуки за училиштата за спроведување на самоевалуација и користење на податоците од самоевалуација за изработка на развојна и годишна програма | | | X | X | Проект за подобрување на квалитет на основно образование, финансиран со заем од Светска банка | Биро за развој на образованието и Сектор за основно образование |
| Имплементација на проектот финансиран од ЕУ за зајакнување на политиките и културата за заштитено пријавување и заштита на укажувачи во земјите од Западен Балкан и Молдавија, од страна на Регионалната анти-корупциска иницијатива - РАИ | Дефинирање на приоритетни активности во рамки на проектот<br><br>Изготвување на упатства и насоки за училиштата | X | X | X | X | Проект финансиран од ЕУ | Сектор за основно образование и Кабинет на министер |

**ПРОГРАМА 2:** КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ (ОПШТО И СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ) И УЧЕНИЧКИ СТАНДАРД

**Поврзаност со приоритет и приоритетна цел на Владата на Република Северна Македонија**

**Стратешкиот приоритет**: „Квалитетно образование достапно за сите согласно побарувачката на пазарот на трудот"
**Приоритетните цели**: „Развивање квалитетно образование достапно за сите кое ќе создава кадар способен за логично и критично размислување базирано на анализи и факти" и „Образование во функција на личности кои ќе ги почитуваат и негуваат граѓанските права, толеранцијата, различностите, воспитување во духот на мултикултурализмот и оспособување за потребите на пазарот на трудот".

**Поврзаност со приоритет и приоритетна цел на Министерството за образование и наука:**

<u>**Создавање образование кое е во најдобар интерес на децата и кое му овозможува на секој ученик да го достигне својот полн потенцијал**</u>

- Подобрување на содржината на основното и средното образование;
- Зголемување на опфатот на учениците и подобрување на инклузивноста и меѓуетничката интеграција во основното и средното образование
- Подобрување на условите за учење и постигнувањата на учениците
- Подобрување на капацитетите на човечките ресурси во основните и средните училишта и ученичките домови (иницијални и континуирани обуки)
- Зголемување на ефективноста на организирањето и управувањето со основното и средното образование
- Усогласување на стручното образование и обука со потребите на пазарот на трудот, модернизирање на системот за стручно образование обука и системот за образование на возрасни согласно перспективата за доживотно учење;
- Вложување и развој на дигитални вештини и критичко размислување
- Воспоставување на системот на кариерен развој на наставниците и стручните соработници, врз принцип на заслуги
- Унапредување на превенцијата и заштитата од насилство и дискриминација во образованиот систем

**Цел на Програмата:**

- Обезбедување квалитетно и инклзуивно средно образование и унапредување на ученичкиот стандард

**Показатели за успех на Програмата:**

- Донесена е Концепција за средно образование
- Донесен е нов Закон за средно образование
- Учениците од средното образование имаат квалитетни наставни средства и дидактички материјали како извор на модерно и релевантно знаење и како алатка за промовирање на човековите права, почитување на различностите и демократските вредности
- Имплементиран е моделот за кареирен развој на наставниците и стручните соработници и обезбеден е нивен континуиран професионален развој
- Обезбедени се услови за квалитетно образование за сите (фукционални инклузивни тимови, набавена асистивна технлогија, обезбедени образовни и лични асистенти...)
- Системот на СОО брзо се приспособува на променливите потреби од вештини на пазарот на трудот (донесени се модуларни наставни програми базирани на компетенции за сите општо-образовни и стручни предмети во рамки на формалното стручно образование и обука)
- Компетенциите на учениците кои завршуваат СОО се во согласност со барањата на работодавачите и се компатибилни со насоките утврдени во ЕКАВЕТ (број на наставни програми донесени во соработка со бизнис заедницата и изразени со ЕКАВЕТ)
- Отворени се три регионални центри за средно стручно образование
- Доделени стипендии за ученици
- Подобрени се условите во ученичките домови
- Донесено е Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување

**ПОТПРОГРАМА 1:** Зголемување на постигањата на учениците во средното образование

<table>
<tr><td colspan="3">Цел на потпрограмата:<br>- Подобрување на содржината, условите за учење и квалитетот во остварувањето на средното образование<br>- Зголемување на опфатот на учениците и подобрување на инклузивноста и меѓуетничката интеграција во средното образование<br>- Подобрување на капацитетите на човечките ресурси во средните училишта<br>- Подобрени инфраструктурни услови во училиштата</td></tr>
<tr><td>Показател за успешност:<br>- Донесена е Концепција за средно образование<br>- Донесен е нов Закон за средно образование<br>- Учениците од средното образование имаат квалитетни наставни средства и дидактички материјали како извор на модерно и релевантно знаење и како алатка за промовирање на човековите права, почитување на различностите и демократските вредности<br>- Имплементиран е моделот за кариерен развој на наставниците и стручните соработници и обезбеден е нивен онтинуиран професионален развој<br>- Обезбедени се услови за квалитетно образование за сите (фукционални инклузивни тимови, набавена асистивна технлогија, обезбедени образовни и лични асистенти...)<br>- Донесено е Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување</td>
<td>Појдовна основа<br>Закон за средно образование донесен во 1995 година, со 33 измени<br><br>Донесен е Концепт за развивање на систем за образование од далечина<br><br>Постои потреба од подобрување на инфраструктурните услови во некои училишта.<br><br>Република Северна Македонија изрази интерес за учество во меѓународното тестирање PISA 2022<br><br>Иако ЗСО овозможува инклузија на ученици со попречености, постои потреба од обука на наставниот и стручниот кадар за работа со овие ученици и за изготвување на ИОП<br><br>Во буџетот за 2021 г. предвидени се средства за училиштата за реализација на активности кои придонесуваат кон меѓуетничката интеграција<br><br>Во буџетот за 2021 г. предвидени се средства за доделување на стипендии на ученици Роми.<br><br>Во тек е изготвување на нов Закон за учебници и други наставни и</td>
